РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

МИНИСТЕРСТВО ЗА ФИНАНСИИ

**Сектор за макроекономска политика**



# КРАТКОРОЧНИ ЕКОНОМСКИ ДВИЖЕЊА

**септември, 2015 година**

## СОДРЖИНА


Резиме ........ 2

I. Реален сектор

Индустриско производство ........ 3

Број на работници во индустријата ........ 4

Деловни тенденции во преработувачката индустрија ........ 4

Број на издадени одобренија за градење и предвидена вредност на објектите ........ 5

Инфлација ........ 5

Берзански цени ........ 7

2. Надворешно-трговска размена

Извоз ........ 8

Увоз ........ 9

Салдо на трговска размена ........ 10

Валутна структура ........ 10

3. Фискален сектор

Буџетски приходи ........ 11

Буџетски расходи ........ 12

Буџетско салдо ........ 13

4. Социјален сектор

Нововработени и регистрирани невработени лица во АВРМ ........ 13

Плати ........ 14

Пензии ........ 15

5. Монетарен сектор

Примарни пари ........ 15

Депозитен потенцијал ........ 16

Кредити на банките ........ 17

Каматни стапки на депозитни банки ........ 17

Пазар на капитал ........ 17

Девизни резерви ........ 18

# Р Е З И М Е

## НА НАЈВАЖНИТЕ КРАТКОРОЧНИ ЕКОНОМСКИ ДВИЖЕЊА

септември, 2015 година

- Индустриското производство во септември 2015 година во споредба со септември 2014 година забележа раст од 8,6%;

- Потрошувачките цени во септември 2015 година се намалија за 0,2% на годишна основа, по растот од 0,1% регистриран претходниот месец;

- Извозот во периодот јануари – септември 2015 година забележа раст од 8,3%, а увозот раст од 4,2%, што резултираше со стеснување на трговскиот дефицит за 4,6% споредено со истиот период минатата година;

- Вкупните приходи на Буџетот во првите девет месеци од 2015 година изнесуваа 117.455 милиони денари, што претставува поголемо остварување за 12,3% во однос на истиот период 2014 година. Вкупните расходи на Буџетот изнесуваа 131.319 милиони денари, што е за 7,6% повеќе во однос на 2014 година;

- Вкупните кредити на банките забележаа раст од 8,8% на годишна основа, а вкупниот депозитен потенцијал на банките регистрираше раст од 5,7%.

## Индустриско производство




Во септември 2015 година, индустриското производство забележа раст од 8,6% во споредба со септември 2014, со што по растот од 12,7% забележан претходниот месец продолжи периодот на висок раст на производството. Притоа, раст е забележан единствено во секторот Преработувачка индустрија од 11,2%, додека пад е забележан во секторите: Снабдување со електрична енергија гас, пареа и климатизација од 14,8% и Рударство и вадење на камен од 3,7%.

Најголем позитивен придонес во годишната промена на индустриското производство во септември 2015 година има Производството на прехранбени производи (2,4 п.п.), а најголем негативен придонес има Вадењето на руди на метал (1,6 п.п.).



* Пад од 100% е забележан во категоријата Производство на кокс и рафинирани нафтени производи.

Податоците за индустриското производство по наменски групи во септември 2015 во однос на септември 2014 година покажуваат зголемување на производството во

групите: Капитални производи од 24,4%, Интермедијарни производи, освен енергија од 8,5% и Нетрајни производи за широка потрошувачка од 6,4%. Пад на производството е забележан во групите: Енергија од 6,9% и Трајни производи за широка потрошувачка од 5,8%.

## Број на работници во индустријата

Бројот на работници во индустријата на годишно ниво во септември 2015 година забележа раст од 1,2%. Растот се должи на зголемениот број на работници во секторот Преработувачка индустрија од 1,6%. Раст е забележан и во секторот Снабдување со електрична енергија, гас, пареа и климатизација од 0,4%, додека намалување на бројот на работници е забележан во секторот Рударство и вадење камен од 2,8%.




Податоците за бројот на работници во индустријата по наменски групи во септември 2015 година во однос на истиот период минатата година покажуваат дека зголемување на бројот на работници има кај групите: Капитални производи за 16,8% и Интермедијарни производи, освен енергија за 0,5%, додека пад е регистриран кај групите: Енергија од 1,7%, Нетрајни производи за широка потрошувачка од 0,8% и Трајни производи за широка потрошувачка за 0,6%.

## Деловни тенденции во преработувачката индустрија

Економската состојба на деловните субјекти во септември 2015 година е поповолна во однос на август 2015 година, а во однос на истиот месец од претходната година индикаторот на доверба во преработувачка индустрија е зголемен за 6,2 п.п..

Просечното искористување на капацитетите на деловните субјекти во септември 2015 година изнесува 63,9%, што претставува зголемување во однос на претходниот месец, кога изнесуваше 63,8%. Споредено со септември 2014 година, искористеноста на капацитетите е повисока за 2,6 п.п..

Најголемо влијание врз ограничувањето на обемот на производството во септември 2015 година имаат следните фактори: недостигот на квалификувана работна сила со 24,6%, недоволната странска побарувачка со 23,8%, недоволната домашна побарувачка со 23,5%, конкурентниот увоз и финансиските проблеми со 5,3%, соодветно и неизвесното економско опкружување со 4,9%.

Состојбата на обезбеденоста на производството со порачки во септември 2015 во однос на август 2015 година е поповолна, како и очекувањата за обемот на производството во наредните три месеци, додека залихите на готови производи се намалени.

## Број на издадени одобренија за градење и предвидена вредност на објектите

Во септември 2015 година издадени се 316 одобренија за градење, што е за 19,7% повеќе во однос на истиот месец од претходната година. Во однос на август 2015 година, бројот на издадени одобренија за градење е зголемен за 53,4%, кога биле издадени 206 одобренија за градење. Предвидената вредност на објектите според издадените одобренија за градење во септември 2015 година, во однос на септември 2014 година е зголемена за 6,2%. Во однос на претходниот месец, вредноста на објектите бележи зголемување од 15,6%.







Анализирано по видови објекти, од вкупниот број на издадени одобренија за градење, 186 (или 58,9%) се наменети за објекти од високоградба, 50 (или 15,8%) за објекти од нискоградба и 80 (или 25,3%) за објекти за реконструкција. Анализирано по типови инвеститори, од вкупно 316 издадени одобренија за градба, на 189 (или 59,8%) објекти како инвеститори се јавуваат физички лица, а на 127 објекти (или 40,2%) инвеститори се деловни субјекти.

Во септември 2015 година предвидена е изградба на 376 станови, со вкупна корисна површина од 35.189 $м^2$. Бројот на предвидени станови за изградба е намален за 16,1% во однос на истиот месец од 2014 година, а во однос на август 2015 година е зголемен за 10,9%.

## Инфлација

Потрошувачките цени во септември 2015 година се намалија за 0,2% на годишна основа, по растот од 0,1% регистриран во претходниот месец.




Просечната стапка на инфлација во периодот јануари - септември

2015 година изнесува -0,3%.

Категоријата Храна и безалкохолни пијалаци, која има најголемо учество при пресметката на Индексот на трошоците на животот, во септември забележа годишен раст на цените од 0,4%, како резултат на зголемените цени во повеќе поткатегории, при што растот е највисок во поткатегориите Овошје од 7,7% и Масло и масноти од 7,2%.

Годишен пад на цените во септември е регистриран во категориите Транспорт и Комуникации, при што цените во овие категории се намалени за 11,2% и 4,4%, соодветно. Највисок годишен раст на цените е забележан во категоријата Алкохолни пијалаци, тутун од 5,2%, следена со порастот на цените во категориите Мебел, покуќнина и одржување на покуќнина од 2,6%, Здравје од 2,3%, Рекреација и култура од 1,9%, Ресторани и хотели од 1,2%, Домување, вода, електрика, гас и други горива од 0,9% итн.




Потрошувачките цени во септември 2015 година се намалија за 0,2% во однос на претходниот месец. Цените во категоријата Храна и безалкохолни пијалаци забележаа раст од 0,4% во споредба со претходниот месец, што главно се должи на зголемувањето на цените во поткатегоријата Зеленчук (за 2,1%). Пад на цените во септември е регистриран во категориите: Транспорт од 3,7%, Ресторани и хотели од 1,3%, Здравје од 0,9% и Мебел, покуќнина и одржување на покуќнина и Рекреација и култура од по 0,4%. Освен во категоријата Храна и безалкохолни пијалаци, месечен раст на цените е регистриран и во категориите Останати стоки и услуги од 0,4%, Облека и обуки од 0,3% и Комуникации од 0,1%, додека цените во останатите категории останаа непроменети.

Цените на мало во септември 2015 година во однос на истиот месец од претходната година се намалени за 1,1%. Споредено со претходниот месец, цените на мало се пониски за 0,7%. Цените на мало во периодот јануари - септември 2015 година се намалени за 1,5%.

## Берзански цени

Цената на суровата нафта (Brent) на светските берзи во септември 2015 година забележа раст од 0,5% во однос на претходниот месец и достигна цена од 47,2 долари за барел. Во однос на септември 2014 година, цената на нафтата е пониска за 51,5%. Цената на природниот гас во септември 2015 година, во однос на август 2015 година се намали за 3,5%.




Што се однесува до металните производи, никелот како производ со високо учество во македонскиот извоз, во септември 2015 година се тргуваше со просечна цена од 9.938 долари за еден метрички тон ($/мт), што претставува месечно намалување на цената од 4,3%. Во септември, месечен пад на цените се забележува и кај цинкот, чијашто цена е намалена за 4,8% и кај оловото, со пад на цената од 1,1%. Кај останатите основни метали се забележува зголемување на цената во септември. Така, цената на алуминиумот се зголеми за 2,7%, на калајот за 1,9% и на бакарот за 1,8%. Цената на железната руда во септември 2015 година, во однос на претходниот месец бележи зголемување од 1,8%.

Во однос на благородните метали, во септември цената на платината се намали за 2,0%, на среброто за 0,7%, додека пак цената на златото забележа раст од 0,6%.




Анализирано на месечна основа, во септември 2015 година цената на пченицата на светските берзи се намали за 4,0%, додека цената на пченката се зголеми за 1,9%. Цената на јагнешкото месо во септември, во однос на претходниот месец забележа намалување од 1,9%.

# НАДВОРЕШНО – ТРГОВСКА РАЗМЕНА

Вкупната надворешно - трговска размена во првите девет месеци од 2015 година изнесува 7.141,3 милиони евра, што претставува раст од 5,9% во однос на истиот период од минатата година.




Во периодот јануари–септември од 2015 година, најголемо учество во вкупната размена има размената на Република Македонија со Европската унија (ЕУ 28), кое изнесува 68,4%, што претставува намалување од 1,0 п.п. во однос на истиот период од претходната година.

## Извоз

Во периодот јануари - септември од 2015 година вредноста на извезените стоки изнесува 2.963,9 милиони евра и бележи раст од 8,3% (228,2 милиони евра) во однос на истиот период од 2014 година, а физичкиот обем на извозот бележи пад од 6,4%.

Во септември 2015 година вредноста на извезените стоки изнесува 334,5 милиони евра и бележи пад од 6,5% (23,3 милиони евра) во однос на истиот месец претходната година, а физичкиот обем на извозот се намалил за 19,5%.

Анализирано на месечно ниво, во септември 2015 година извозот бележи раст од 5,4% (17,2 милиони евра) во однос на претходниот месец, доколку се изврши сезонско прилагодување на извозот, истиот регистрира месечен пад од 5,4% .

Главни групи производи (според СМТК) со најголемо учество во извозот во периодот јануари - септември 2015 година се: хемиски материи и производи, железо и челик, облека, метална руда и отпадоци од метал, пијалаци и тутун и нафта и производи од нафта. Овие шест групи производи сочинуваат 53,3% од вкупниот извоз на државата.




Анализирано според економските групации на земјите, во периодот јануари – септември од 2015 година споредено со истиот период од 2014 година, извозот

бележи раст кај групациите: ЕУ 28, ЕФТА и Организација за економска соработка на земји од Азиско - пацифичкиот регион, додека пад има кај групациите: Организација на земјите - извознички на нафта и нафтени деривати, Западен Балкан, Северноамериканска зона на слободна трговија и Заедница на независни држави. Извозот во ЕУ 28 бележи раст од 7,8% на годишно ниво, а кај земјите од Западен Балкан истиот бележи пад од 4,4%, при што извозот на стоки во ЕУ 28 и земјите од Западен Балкан во вкупниот извоз на Република Македонија учествува со 76,8% и 12,2% соодветно.




## Увоз

Во периодот јануари – септември од 2015 година вредноста на увезените стоки изнесува 4.177,4 милиони евра и бележи раст од 4,2% (169,1 милион евра) во однос на истиот период од 2014 година, а физичкиот обем на увозот бележи раст од 1,2%.




Вредноста на увозот во септември 2015 година изнесува 453,8 милиони евра, што претставува намалување за 5,8% (28,2 милиони евра) во однос на истиот месец од 2014 година, а увезените количини на стоки се зголемени за 1,7%.

Анализирано на месечно ниво, во септември 2015 година увозот бележи раст од 6,0% (25,7 милиони евра) во однос на претходниот месец, доколку се изврши сезонско прилагодување на увозот, истиот регистрира месечен пад од 1,9%.

Табела 1. Преглед на извозот и увозот на селектирани групи на производи

| Извоз на нафта и производи од нафта*) | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | I - IX - 2014 | I - IX - 2015 | Салдо | Стапки во% |
| .000 Т | 95,5 | 44,3 | -51,2 | -53,6 |
| Мил. ЕУР | 41,3 | 24,6 | -16,7 | -40,4 |
| Мил.$ | 55,8 | 27,4 | -28,4 | -51,0 |

| Увоз на нафта и производи од нафта*) | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | I - IX - 2014 | I - IX - 2015 | Салдо | Стапки во% |
| .000 Т | 712,5 | 684,9 | -27,5 | -3,9 |
| Мил. ЕУР | 413,0 | 316,0 | -96,9 | -23,5 |
| Мил.$ | 559,3 | 351,6 | -207,7 | -37,1 |

*)Претходни податоци

| Извоз на хемиски производи*) | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | I - IX - 2014 | I - IX - 2015 | Салдо | Стапки во% |
| .000 Т | 9,3 | 11,9 | 2,6 | 28,0 |
| Мил. ЕУР | 470,2 | 569,6 | 99,4 | 21,1 |
| Мил.$ | 635,8 | 634,1 | -1,8 | -0,3 |

| Увоз на хемиски производи*) | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | I - IX - 2014 | I - IX - 2015 | Салдо | Стапки во% |
| .000 Т | 24,2 | 23,4 | -0,8 | -3,2 |
| Мил. ЕУР | 65,3 | 89,7 | 24,3 | 37,3 |
| Мил.$ | 88,6 | 99,6 | 11,0 | 12,4 |

*)Претходни подaтоци

| Извоз на железо и челик *) | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | I - IX - 2014 | I - IX - 2015 | Салдо | Стапки во% |
| .000 Т | 450,0 | 439,3 | -10,7 | -2,4 |
| Мил. ЕУР | 417,2 | 410,8 | -6,4 | -1,5 |
| Мил.$ | 563,6 | 456,4 | -107,2 | -19,0 |

| Увоз на железо и челик*) | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | I - IX - 2014 | I - IX - 2015 | Салдо | Стапки во% |
| .000 Т | 401,0 | 447,5 | 46,5 | 11,6 |
| Мил. ЕУР | 197,2 | 212,2 | 15,0 | 7,6 |
| Мил.$ | 266,5 | 235,6 | -30,8 | -11,6 |

*)Претходни подaтоци

## Салдо на трговска размена

Во првите девет месеци од 2015 година, трговскиот дефицит се намали за 4,6% односно 59,1 милиони евра споредено со истиот период минатата година.

Во септември 2015 година трговскиот дефицит се намали за 3,9%, односно 4,9 милиони евра споредено со септември минатата година.




Доколку салдото на извозот и увозот на стоки го анализираме по економска намена, намалувањето на дефицитот е резултат на комбиниран ефект од: стеснетото негативно салдо во размената со горива и мазива, стоки за инвестиции без транспортна опрема и транспортна опрема, додека во спротивна насока дејствуваше проширувањето на негативното салдо во размената со индустриски набавки, храна и пијалаци и стоки за широка потрошувачка.

Во периодот јануари – септември од 2015 година 79,3% од трговскиот дефицит на земјата е остварен во размената со Велика Британија, Грција, Србија и Турција, а потоа следуваат: Кина, Италија, Јужна Африка, Русија, Романија, Австрија и други. Суфицит е остварен во размената со Германија, Косово, Белгија, Босна и Херцеговина и Шпанија.

## Валутна структура

Гледано по валутна структура 81,4% од трговската размена во периодот јануари - септември од 2015 година е реализирана во евра, што во однос на истиот период од 2014 година претставува зголемување од 2,3 п.п.. На страната на извозот и увозот, еврото е застапено со 87,4% и 77,2%, соодветно, при што застапеноста на еврото во извозот е зголемена за 0,1 п.п., додека застапеноста на еврото кај увозот е зголемена за 3,6 п.п. во однос на периодот јануари – септември од 2014 година.

| Надворешно трговска размена на Република Македонија (по валути ); пресметки на МФ | | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| увоз | I - IX - 2014 | | | | | I - IX - 2015 | | | | | | |
| валута | колич. 000 t | увоз во валута | просечен курс на денарот во однос на валутите | увоз во денари | структ. во% | колич. 000 т | увоз во валута | просечен курс на денарот во однос на валутите | увоз во денари | структ. во% | апсолутна промена во валутна вредност | релативна промена во валутна вредност (во%) |
| ЕУР | 2.372,7 | 2.949.986.006 | 61,6142 | 181.761.027.770 | 73,6 | 2.502,4 | 3.225.765.666 | 61,5973 | 198.698.455.470 | 77,2 | 275.779.660 | 9,3 |
| УСД | 2.069,1 | 1.090.555.765 | 45,4642 | 49.581.245.389 | 20,1 | 1.989,9 | 997.570.531 | 55,2438 | 55.109.586.890 | 21,4 | -92.985.234 | -8,5 |
| ГБП | 3,6 | 181.159.927 | 75,8842 | 13.747.176.127 | 5,6 | 4,9 | 15.695.541 | 84,6953 | 1.329.338.552 | 0,5 | -165.464.386 | -91,3 |
| ЕУР+УСД+ГБП | 4.445,4 | | | 245.089.449.286 | 93,7 | 4.497,1 | | | 255.137.380.912 | 99,1 | | |
| вк извоз: | 4.453,1 | | | 246.983.988.332 | 100,0 | 4.505,0 | | | 257.341.963.561 | 100,0 | | 4,2 |

Извор: Државен завод за статистика и НБРМ

# *ФИСКАЛЕН СЕКТОР*

## Буџетски приходи

Во периодот јануари - септември 2015 година вкупните приходи на Буџетот изнесуваа 117.455 милиони денари, односно 21,3% од БДП, што претставува поголемо остварување за 12,3% во однос на истиот период 2014 година.




Даночните приходи во овие девет месеци се реализирани во износ од 67.385 милиони денари и споредено со истиот период од 2014 година имаат поголемо остварување за 12,6%.

Данокот на додадена вредност е остварен во износ од 30.623 милиони денари, при што учеството на ДДВ во вкупните даночни приходи во овој период е доминантно и изнесува 45,4%. Акцизите се остварени во износ од 14.521 милиони денари (учество од 21,5 % во даночните приходи). Притоа, ДДВ е наплатен во бруто износ од 44.113 милиони денари, од кои на даночните обврзници им е извршен поврат во износ од 13.490 милиони денари (бруто наплатата е повисока за 1,3%, додека повратот по основ на ДДВ е повисок за 11,3% споредено со истиот период 2014 година).

Во структурата на наплатата на ДДВ најголемо е учеството на ДДВ од увоз кој забележува зголемување од 0,3%, додека ДДВ од прометот во земјата забележува раст од 4,7%. Учеството на ДДВ донациите е незначително (0,3%) и забележаа помало остварување за 69,7%. Набљудувано по одделни категории на даноци, приходите од персоналниот данок се остварени во износ од 9.017 милиони денари и забележуваат раст од 4,8% на годишна основа, при што околу 2/3, односно 68,2% од персоналниот данок претставува приходот од данокот на плати и други лични примања, 6,8% од приходи од игри на среќа и наградни игри, 5,5% по основ на договор на дело, 6,8% од приходи од капитал и 3,8 од приходи од имот и имотни

права. Споредено со истиот период во 2014 година приходите од данокот од добивка во износ од 9.592 милиони денари забележаа зголемување од 167,2%, што главно е резултат на данокот наплатен по основ на даночни биланси со учество од 52,7% во вкупниот данок на добивка, по месечни аконтации со 35,9%, од исплатена дивиденда и друга распределба од добивката учество од 5,8% и 4,8% по основ на задржан данок на исплатените приходи на странски правни лица.

Приходите од ДДВ забележаа намалување од 2,5%, додека акцизите забележаа зголемување од 17,2%. Приходите од царина беа остварени во износ од 3.142 милиони денари и забележаа зголемена реализација за 1,3%. Приходите од други даноци со остварен износ од 490 милиони денари забележаа намалување од 34,3%.

Неданочните приходи беа остварени во износ од 9.351 милиони денари и во однос на истиот период 2014 година забележаа раст од 21,8% (во овие приходи се приходите од профит од јавни институции, административни такси и глоби, концесии и др.).

Капиталните приходи реализирани по основ на продажба на градежно земјиште, станови и дивиденди, се оствaрија во износ од 1.968 милиони денари, што претставува зголемување од 25,9% во однос на истиот период претходната година.

Приходите од странски донации од меѓународна и билатерална соработка се оствaрија во износ од 2.238 милиони денари, односно повеќе за 17,1% во однос на истиот период лани.

Социјалните придонеси од плата се остварени во износ од 34.957 милиони денари, што е повеќе за 8,7% споредено со истиот период од 2014 година, при што зголемување на наплатата се забележува кај придонесите од пензиско и инвалидско осигурување од 8,7%, кај придонесите за здравствено осигурување 8,8% и кај придонесите за вработување од 8,5%.

## Буџетски расходи

Во периодот јануари - септември 2015 година вкупните расходи на Буџетот изнесуваа 131.319 милиони денари, односно 23,8% од БДП, што е повеќе за 7,6% во однос на 2014 година.

Тековните расходи во износ од 119.961 милиони денари се зголемени за 8,6% во однос на истиот период во 2014 година. Доминантно учество во тековните расходни ставки имаа трансферите кои изнесуваа 83.656 милиони денари и истите учествуваа со 63,7% во вкупните расходи.

Платите и надоместоците беа реализирани во износ од 18.376 милиони денари, така што нивното структурно учество во вкупните расходи на Буџетот изнесува 14,0%, а во однос на 2014 година се зголемени за 6,9%. Расходите за стоки и услуги изнесуваа 12.950 милиони денари, со учество од 9,9% во вкупните расходи и споредено со истиот период од 2014 година се повеќе реализирани за 17,3%.

Социјалните трансфери изнесуваа 61.501 милиони денари и забележаа раст од 6,4% споредено со истиот период од 2014 година и учествуваа со 46,8% во вкупните

расходи. Трансферите кон Фондот за пензиско и инвалидско осигурување зафаќаат најголем дел од социјалните трансфери, со износ од 37.211 милиони денари, со реализација која е зголемена за 3,3%, споредено со истиот период 2014 година и  учество од 28,3% во вкупните расходи. Учеството на категоријата други трансфери, кои ги вклучуваат трансферите кон единиците на локалната самоуправа, во вкупните расходи учествуваа со 16,1%, односно забележаа зголемување од 4,5%, споредено со истиот период 2014 година. Блок дотациите кон единиците за локална самоуправа во износ од 10.852 милиони денари, беа реализирани за 4,8% повеќе во однос на истиот период претходната година. Субвенциите кои се реализирани во износ од 8.989 милиони денари учествуваат со 6,8% во вкупните расходи.

Каматите се реализирани во износ од 4.979 милиони денари, што е повеќе за 41,9% во споредба со истиот период 2014 година. Ваквото остварување е поради исплата на доспеани обврски за камати од задолжување во земјата и во странство.

Во анализираниот деветомесечен период средствата за капитални расходи беа реализирани во износ од 11.358 милиони денари, со структурно учество од 8,6% во вкупните расходи (2,1% учество во БДП).

## Буџетско салдо

Во периодот јануари - септември 2015 година остварен е дефицит во Буџетот на Република Македонија од 13.874 милиони денари, додека дефицитот на Централниот буџет е остварен во износ од 11.750 милиони денари.

# *СОЦИЈАЛЕН СЕКТОР*

## Новвработени и регистрирани невработени лица во АВРМ

Во периодот јануари – септември 2015 година во Агенцијата за вработување на Република Македонија регистрирани се вкупно 137.782 нови засновани работни односи. Вкупниот број новвработени во овој период е поголем за 4,8% во однос на истиот период од 2014 година.



Од вкупниот број нововработени, 47,4% се вработени на неопределено време, додека останатиот дел се вработени на определено време и за вршење сезонски работи. Од вкупниот број засновани нови работни односи во септември 2015 година 25,2% се од евиденцијата на невработени.




Вкупниот број на невработени лица изнесува 213.759 лица, од кои 117.736 се активни баратели на работа, а 96.023 се останати невработени лица. Во однос на истиот месец претходната година, вкупниот број на невработени лица е намален за 3,0%.

Најголем дел од невработените лица (69,3%) се градско население, а 59,2% се мажи. Според степенот на образование, поголемиот дел, односно 54,0% од невработените се со непотполно средно образование или помалку, 30,2% се со завршено средно образование, додека 15,8% имаат вишо или повисоко ниво на образование.

По возрасни групи, најголемиот дел или 53,9% од невработените припаѓаат на возрасната група 25-49 години. Според времето на чекање на вработување, 47,7% од невработените лица чекаат вработување од 1 до 7 години, додека 10,5% чекаат 8 и повеќе години.

## Плати

Просечната номинална нето-плата во август 2015 година оствари годишен раст од 3,1%, а во однос на претходниот месец е повисока за 0,1%. Најголем раст на просечната нето–плата се забележува во следните сектори: Уметност, забава и рекреација (11,9%), Рударство и вадење на камен (7,8%) и Стручни, научни и технички дејности (7,6%). Реалните плати во август забележаа годишен раст од 3,0%.




Просечната номинална бруто-плата во август 2015 година оствари годишен раст од 3,5%, а во однос на претходниот месец таа е повисока за 0,1%. Најистакнат раст на просечната бруто-плата се



забележува во следните сектори: Уметност, забава и рекреација (12,0%), Други услужни дејности (7,7%) и Стручни, научни и технички дејности (7,7%). Реалната бруто плата забележа годишен раст од 3,4%.

Процентот на вработени кои не примиле плата во август 2015 година изнесува 1,2% и во однос на истиот месец претходната година е понизок за 0,2 п.п., а за 0,5 п.п. понизок во однос на јули 2015 година.

## Пензии

Во септември 2015 година во Фондот за пензиско и инвалидско осигурување евидентирани се 297.954 пензионери, што претставува зголемување од 1,1% во однос на истиот период од минатата година. На месечно ниво, бројот на корисници на пензија е непроменет. Од вкупниот број пензионери, 60,1% се корисници на старосна пензија, 25,8% на семејна пензија и 14,1% на инвалидска пензија.




Просечната пензија во септември 2015 година изнесува 13.077 денари и е зголемена за 5,1% во однос на истиот месец од минатата година. Соодносот на просечната пензија со просечната исплатена плата во август 2015 година (последни расположливи податоци) изнесува 56,8%.

Просечната старосна пензија во септември изнесува 14.463 денари, просечната инвалидска пензија изнесува 11.810 денари, а просечната семејна пензија изнесува 10.454 денари. За исплата на пензиите во септември 2015 година се потрошени 3.785,06 милиони денари, што претставува 53,3% од вкупните социјални трансфери.

# *МОНЕТАРЕН СЕКТОР*

Во септември 2015 година, Народна банка на Република Македонија, во услови на стабилни движења, одлучи да ја задржи каматната стапка на благајничките записи на нивото од 3,25%. Каматната стапка на расположливите депозити на 7 дена остана непроменета во однос на минатиот месец и изнесува 0,5%.



## Примарни пари

Во септември 2015 година, примарните пари[1] регистрираа раст од 7,4% на годишна основа, во услови на раст на готовите пари во оптек од 11,7%, додека вкупните ликвидни средства на банките регистрираа раст од 3,6%.

На месечно ниво, примарните пари забележаа пад од 2,1%, при пад на вкупните ликвидни средства на банките и готовите пари во оптек од по 2,2% и 2,0%, соодветно.

## Депозитен потенцијал

Во септември 2015 година, вкупните депозити на банките регистрираа раст од 0,1% на месечно ниво. Секторската анализа укажува дека депозитите на приватните претпријатија забележаа пад од 4,5%, додека депозитите на домаќинствата се зголемија за 0,7% во однос на претходниот месец. Од аспект на валутата, споредено со претходниот месец депозитите во домашна валута и странска валута се зголемија за по 0,1%.




Вкупниот депозитен потенцијал во септември 2015 година оствари раст од 5,7% на годишна основа. Анализирано според валутата, растот беше воден од депозитите во домашна валута, кои забележаа раст од 8,3%, а депозитите во странска валута се зголемија за 2,3%.

| **Депозитен потенцијал и кредити на приватен сектор ( септември 2015 година)** | **Во милиони денари** | **Месечна промена** | **Годишна промена** |
|---|---|---|---|
| | | | |
| **Депозитен потенцијал** | 291202 | 0,1% | 5,7% |
| Денари | *171841* | 0,1% | 8,3% |
| Странска валута | *119361* | 0,1% | 2,3% |
| Краткорочни | *145254* | -0,4% | -2,0% |
| Долгорочни | *80350* | 1,1% | 9,6% |
| | | | |
| **Кредити на приватен сектор** | **268469** | 0,9% | 8,8% |
| Денари | ***213373*** | 0,8% | 11,4% |
| Странска валута | ***55096*** | 1,2% | -0,1% |

Извор: НБРМ

[1] Примарните пари се пресметани како збир од готовите пари во оптек (вклучително и готовината во благајна), задолжителната резерва во денари и во девизи и вишокот ликвидни средства над обврската за задолжителна резерва (во денари).

Од аспект на секторот, депозитите на домаќинствата овој месец бележат раст од 5,0%, а депозитите на претпријатијата се зголемија за 3,5%. Според рочноста, долгорочните депозити бележат раст од 9,6%, а краткорочните депозити се намалија за 2,0%. Валутната структура на депозитите и понатаму е стабилна, при што депозитите во домашна валута имаат поголемо учество во депозитната база кое изнесува 59,0%.

### Кредити на банките

Во септември 2015 година, вкупните кредити на банките кон приватниот сектор забележаа раст од 0,9% на месечна основа. Секторската анализа укажува дека во септември кредитите кон домаќинствата и кредитите кон претпријатијата остварија раст од 1,1% и 0,8%, соодветно. Од аспект на валутата, во септември 2015 година денарските кредити се зголемија за 0,8%, а истовремено и девизните кредити забележаа раст од 1,2% во однос на минатиот месец.

На годишна основа, во септември 2015 година вкупните кредити се зголемија за 8,8%, во услови на раст на кредитите кон претпријатијата од 5,9% и раст на кредитите кон домаќинствата од 12,8%. Кредитите во домашна валута се зголемија за 11,4%, додека кредитите во странска валута регистрираа пад од 0,1%.

Од аспект на рочноста, пак, долгорочните кредити бележат годишен раст од 12,1%, а краткорочните кредити се повисоки за 2,8%.

### Каматни стапки на депозитни банки




Во септември 2015 година каматните стапки не регистрираа промени во споредба со претходниот месец, освен намалувањето на каматните стапки на девизните депозити. Вкупната каматна стапка на кредитите изнесува 6,7% и е непроменета во споредба со претходниот месец. Каматните стапки на денарските кредити и девизните кредити исто така останаа непроменети и изнесуваат 7,0% и 5,8%, соодветно. Вкупната каматна стапка на депозитите во септември изнесува 2,0%. Каматните стапки на денарските депозити изнесува 2,7%, а единствено каматните стапки на девизните депозити бележат намалување за 0,1 п.п во однос на август 2015 година и изнесуваат 1,1%.

### Пазар на капитал

На пазарот на капитал, во септември 2015 година вкупниот промет на берзата регистрираше зголемување од 9,6% на месечно ниво, како резултат на зголемувањето на прометот од блок трансакциите за 7,1 пати, додека прометот од класичното тргување се намали за 13,7%.

Вкупниот промет на берзата во септември 2015 година изнесуваше 158 милиони денари што претставува пад од 37,7% на годишно ниво. Македонскиот берзански индекс МБИ-10 во септември 2015 година изнесуваше 1.704,46 индексни поени, што претставува раст од 2,3% на месечно ниво, додека во однос на истиот месец претходната година индексот е понизок за 0,5%.




## Девизни резерви

Бруто девизните резерви на крајот на септември 2015 година изнесуваа 2.187,4 милиони евра и во однос на претходниот месец се повисоки за 9,7 милиони евра, додека во однос на септември минатата година се намалени за 247,6 милиони евра.

Министерство за финансии

Сектор за макроекономска политика

„Даме Груев“ бр. 12, 1000 Скопје

www.finance.gov.mk